РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 14-824/1
19.06. 2024 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа член 11 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 103/21) и Одлуката за подигање спомен-обележје „Параклис посветен на Св. Архангел Михаил“, бр.09-722/1 од 30.05.2024 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 9/24), Одборот за подигање спомен-обележје „Параклис посветен на Св. Архангел Михаил“ распишува

ЈАВЕН КОНКУРС БР. 1/2024
за изработка на идеен проект за подигање спомен-обележје
„Параклис посветен на Св. Архангел Михаил“

1. Предмет на конкурсот: изработка на идеен проект за подигање спомен-обележје „Параклис посветен на Св. Архангел Михаил“.
2. Опис на обележјето: верски објект Параклис со трем на едно ниво со бруто површина П=90м2.
3. Местоположба на спомен-обележјето: градски парк, општина Гевгелија, парцела КП 2885/1 и КП 2942 КО Гевгелија.
4. Конкурсот е јавен и анонимен, а право на учество имаат сите правни и физички лица од земјата и странство.
5. Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра. Секој учесник има право да учествува со по еден идеен проект.
6. Пресметковната вредност на спомен обележјето изнесува не повеќе од 5.000.000 денари.
7. На идејното решение треба да биде испишано Параклис „Св. Архангел Михаил“.
8. Доколку пристигнатите идејни проекти ги задоволуваат условите од конкурсот, се предвидува да се доделат награди и тоа: прва награда 15.000 денари, втора награда 10.000 денари и трета награда 5.000 денари.
9. Изборот на идејниот проект ќе го изврши Одборот со мнозинство гласови. Одборот нема да ги разгледува проектите што ќе пристигнат по предвидениот рок.
10. Идејните проекти треба да се достават во писмена форма во архивата на Општина Гевгелија, најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.

Проектите да се достават на следната адреса: „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија, со назнака за ЈАВЕН КОНКУРС БР. 1/2024 за изработка на идеен проект за подигање спомен-обележје „Параклис посветен на Св. Архангел Михаил“.

11. Идејниот проект треба да биде погоден за излагање (3Д визуелизација).
12. Идејните проекти ќе бидат јавно изложени.
13. Членови на Одбор: Ирена Томчева, Здравко Николов, Љубица Карајанова, Ѓорге Шаренков, Саша Јованов.

Телефон за контакт: Ирена Томчева 075/370-575

Ирена Томчева,
**претседател на Одборот**
**за подигање спомен-обележје**
**„Параклис посветен на Св. Архангел Михаил“**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА